Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25-та седница одржана на 09.09.2021 година, во врска со Предлогот за донесување на Заклучок за доделување финансиска помош за семејствата на починатите лица во пожарот во болницата во Тетово, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за доделување еднократна финансиска помош-донација за семејствата на починатите лица во пожарот во модуларната болница за Ковид пациенти во Тетово, во износ од 60.000,00 денари по семејство.

2. Советот на Агенцијата даде одобрение директорот на Агенцијата да склучи Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Црвениот крст на Република Северна Македонија за предметната финансиска помош-донација за семејствата на починатите лица во пожарот во модуларната болница за Ковид пациенти во Тетово, кој ќе стапи во сила веднаш по потпишувањето на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр.** 02-3333/2

09.09.**2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**